**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 40-8126/1
Скопје, 4 август 2021 година

ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ИНФОРМАТИЧКО
ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

СКОПЈЕ

**ИЗВАДОК**
**од Нацрт – записникот од Деведесет и четвртата седница**
**на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 4 август 2021 година**

„ТОЧКА 71: Информација за Третиот годишен извештај за спроведување на Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018-2022) за 2020 година, со Годишен извештај

Владата ја разгледа Информацијата за Третиот годишен извештај за спроведување на Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018-2022) за 2020 година, со Годишен извештај, ја усвои Информацијата и притоа заклучи:

1. Го усвои Годишниот извештај за спроведување на Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018–2022 за периодот јануари–декември 2020 година.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата да ја достави Методологијата за начинот на подготовка, следење на спроведувањето, евалуација и известување за секторските стратегии како стратешки плански документи, на разгледување и усвојување на седница на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до крајот на 2021 година.

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата да достави до Владата на Република Северна Македонија Предлог-деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата со цел обезбедување на правен основ за подобрување на спроведувањето на процесот на Проценка на влијанието на регулативата (ПВР) и поврзување со процесот на Оценка на спроведување на регулативата (ОСР), најдоцна до крајот на ноември 2021 година.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

4. Се задолжува Министерството за финансии да го донесе Актот за стандардизирани трошоци, насловен како Упатство за утврдување на стандардизирани трошоци за владините стратегии, најдоцна до 1 септември 2021 година.

5. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за финансии, да изнајдат начини на обезбедување надворешна експертиза и финансиска поддршка за спроведување на мерките од Акцискиот план на Стратегијата за РЈА (2018 -2022), со цел воспоставување кохерентен и унифициран систем на плати за вработените во јавниот сектор, најдоцна до крајот на ноември 2021 година.

6. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ја достави Долгорочната ИКТ Стратегија со Акциски план на разгледување и усвојување на седница на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до крајот на август 2021 година."

ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Tahir Hani**

**ДОСТАВЕНО И ДО:**
**-Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија**
**-Министерството за финансии**
**-Министерството за труд и социјална политика**

Подготвил: Христијан Николов
Контролирал: Зоран Брњарчевски / м-р Билјана Цоневска
Согласен: Љубица Р. Димовска / Снежана М. Пендовски
Одобрил: Дејан Јакимовски


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk